# З А П И С Н И К
**од Дваесет и осмата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 19.9.2017 година**

**Скопје, септември 2017 година**

# З А П И С Н И К
## од Дваесет и осмата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 19.9.2017 година

Седницата започна во 13:35 часот.

На седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициона клима за домашните претпријатија и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи, д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии, Власте Димковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Елми Азири, заменик на министерот за труд и социјална политика, м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија и д-р Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и Светлана Сотировска, помошник на директорот за финансии во Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

  - План 3-6-9 (статус 19.9.2017 година)

  - Информација за статусот на реализација на мерките 5.1.1 и 5.1.2 од делот 5. Граѓанско општество од Планот 3-6-9 и Извештај за преземените мерки и активности од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012- 2017)

А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

**а) Гости**

1. Информација за прогресот на активностите од проектот „Посета на компании“ кои имаат проблем во постапката за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост и за остварените средби со физички и правни лица за проблеми од имотно-правен карактер, со прилози

2. Информација за прогресот на реализација на проектот „Откуп на дворно место 1 евро за 1 м$^2$“

3. Годишен извештај за работењето на ЈПВ „Лисиче“ Велес за 2016 година, Финансиски извештај за 2016 година, Годишна сметка за 2016 година и Извештај на независниот ревизор за финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2016 година, со Предлог-одлуки

4. Информација за состојбата со болеста инфективна анемија кај копитари (за период од 21.7.2017 година до 18.8.2017 година)

5. Информација за одобрување на работењето и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2016 година, со Предлог-одлуки

6. Информација за распределба на добивката на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје за 2016 година, со Предлог-одлука

7. Информација за претставување на проблемите со кои се соочува Општина Пласница

8. Информација за тековниот статус на активностите и потребите на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, тековен статус на процесот на акредитација на здравствените установи во Република Македонија и Извештај од анализата за задоволство на пациентите

9. Информација во врска со Барањето на ДГТ „Жикол“ ДООЕЛ Струмица, а во врска со распределениот имот на АД „Македонија“, фабрика за производство на санитарна керамика Струмица

10. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за прогласување на збирка на движно културно наследство „Збирка фотографии од Благоја Дрнков” во Јавната установа Музеј на град Скопје за културно наследство од особено значење

**б) економски систем и тековна економска политика**

11. Информација по барањето на Координативното тело на оштетени правни субјекти за остварување на право на надомест на штета од катастрофалните поплави од 6.8.2016 година во Скопскиот и Тетовскиот регион

12. Информација за иницијативи во врска со работната програма на Светската трговска организација за електронска трговија

13. Информација за потребата од изработка на среднорочна стратегија за општествена одговорност на Република Македонија

14. Информација во врска со барањето на Фени индустри АД Кавадарци за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - железно никлоносна руда на локалитетот „Ржаново“, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

15. Информацијa во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Дрвен Мост“ с. Шупли Камен - Општина Куманово, со Предлог-одлука

16. Информација во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи склучени со Министерството за економија, со предлог - одлуки

17. Информација во врска со потпишување на Меморандум за разбирање со Акциски план со кој се врши дополнување на Иницијативата за централно и југоисточно европско поврзување (CESEC) со заеднички пристап кон пазарот на електрична енергија, енергетската ефикасност и обновливиот развој

18. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување, поднесен од хотел Квинс - Скопје, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

19. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување, поднесено од хотел Портал - Скопје, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

20. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Опера хаус - Скопје, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

21. Информација со предлози за справување со високото ниво на загадување на воздухот во Република Македонија, во текот на летниот период и во текот на целата година, со Правила и начин на работа на Интерсекторската работна група за квалитет на воздух во Република Македонија

**в) политички систем**

22. Информација со Предлог - платформа за учеството на Делегацијата на Република Македонија на 72-то редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации

23. Информација за определување набљудувач и заменик набљудувач во Управниот одбор на Европската агенција за фундаментални права и национален офицер за врски и негов заменик

24. Информација за зголемување на придонесот на Република Македонија во мисијата на НАТО во Авганистан „Одлучна поддршка“ во 2018 година

25. Информација за статусот на реализација на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2016 - 2018 година (полугодишен извештај за периодот јануари - јуни 2017 година)

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

26. Предлог - програма за изменување на Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2017 година

27. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги 5 ЛЕТЕРС ДОО Ресен за вршење на дејност одгледување на коноп за медицински цели, со Предлог-одлука

28. Предлог - уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца - детски градинки по општини за 2018 година

29. Предлог - уредба за методологијата за утврдување критериуми за распределба на блок дотации за јавните установи за социјална заштита - домови за стари лица за 2018 година

30. Предлог - програма за условен паричен надоместок за средно образование за учебната 2017/2018 година

31. Информација по доставено Барање одобрение за основање на установа за деца - Детска градинка „Кул кидс градинка“ - Скопје, со Предлог-одлука

32. Информација за донесување на Решението за назначување на претседавач, членови и заменици на Национално координативно тело против семејно насилство, со Предлог - решение

33. Информација за зголемување на коефициентите на сложеност на работите во јавните установи за деца - детски градинки

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) економски систем и тековна економска политика**

34. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Македонија за 2017 година за спроведување на локалните избори во 2017 година (за Државната изборна комисија)

35. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Македонија за 2017 година (за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги)

36. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и гас $CO_2$, на локалитетот „Дабечко Поле” с.Поешево, општина Битола

37. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-дијабаз на локалитетот „с.Удово“, Општина Валандово

38. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - гипс на локалитетот „Бошков Мост”, Општина Дебар

39. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина - мермер на локалитетот „Галабовец - Нови Присад“, општина Прилеп од Трговското друштво за производство, трговија и услуги „Орто мермери“ ДОО увоз-извоз Скопје, на Акционерското друштво за производство и преработка на мермер „Фимар балкан“ АД Скопје

40. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Бегојца“ с.Стенче, Општина Брвеница

41. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на здружението за рурален развој на село Туденце - Општина Јегуновце

42. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Здружението за помош, изградба и обнова на цркви и манастири храм „Свети Архангел Михаил“ - Куманово

**б) политички систем**

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

43. Предлог-закон за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

44. Предлог-закон за дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, поднесен од група пратеници

45. Финансиски план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2017 година, Одлука за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2017 година, со Предлог-одлука за согласност на Одлуката за висина на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2017 година

46. Барање согласност на Статутот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје

47. Барање за давање на автентично толкување на членот 119 од Законот за просторно и урбанистичко планирање поднесено од пратеникот Јован Митрески

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

48. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 77 од Законот за пензиското и инвалидско осигурување („Службен весник на Република Македонија“, бр.98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 160/204, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015 и 27/2016 ), поднесена од Борко Симоски од Скопје

49. Иницијатива од градоначалникот на општина Валандово, Николче Чурлиновски, доставена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за распишување на референдум на локално ниво број 08-51/1, донесена на седницата на Советот на Општината Валандово, одржана на 3.7.2017 година и на Одлуката за распишување на референдум на локално ниво бр. 08-54/3, донесена на седницата на Советот на Општина Валандово, одржана на 10.7.2017 година

50. Иницијатива поднесена од адвокат Надица Андова од Кавадарци, до Уставниот суд на Република Македонија за поведување постапка за оценување на уставноста на členовите 1, 2, 3, 4 и 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за виното („Службен весник на Република Македонија“ бр.172/2016)

51. Понуда од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр. 67074 за КО Маџари, КП бр. 2467

52. Записник од 20.7.2017 година, поднесен од извршител Слободанка Балгурова за продажба на недвижност со усно јавно наддавање (врз основа на член 175 став 4 од Законот за извршување), со И.бр.118/13

**д) други предлози**

53. Кадровски прашања

54. Прашања и предлози

В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

55. Информација за состанокот на заменици министри за економија / трговија на ЦЕФТА

56. Информација во врска со постапката за продолжување на периодот на важност на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Чардаковец" општина Ѓорче Петров и општина Чучер Сандево на Друштвото за градежништво, транспорт и трговија Трансмет ДОО Скопје, со Предлог-одлука

57. Информација за разгледување на можноста за давање на трајно користење на недвижна ствар - објект на Детското одморалиште „Мајски цвет" - Струга на Министерството за труд и социјална политика

58. Информација за статусот на Проектот за унапредување на порталот за електронска комуникација (ПЕК) со цел овозможување на размена на електронски документи со други институции

59. Информација за степенот на користење на системот е-Даноци

60. Извештај за работата на директорот на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, за период 1.1.2017 - 30.6.2017 година, со дополнување

Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

61. Предлог-закон за амнестија

62. Информација за постапките за изработка на Урбанистичко-планска документација за градби од посебен интерес со основна класа на намена Е2-(комунална супраструктура) за Граничен премин „Белановце - Станчиќ", КО Злокуќане, општина Липково, врз основа на член 50 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија", бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015 и 31/2016), кој е укинат со Одлука на Уставен суд на Република Македонија со број У 136/2016 од 5.7.2017 година („Службен весник на Република Македонија", бр. 90/2017)

63. Информација за настанат климатски неповолен настан - пороен дожд, електрични празнења, силен ветер и град и причинети штети на земјоделски култури на 11 септември 2017 година во регионот на Демир Хисар, Ресен,

Македонски брод, Тетово, Прилеп, Долнени, Кривогаштани, Велес, Свети Николе, Куманово, Кавадарци, Росоман, Кисела Вода и Гази Баба

*

*　　*

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

  - Владата се информираше со состојбите и напредок во реализацијата на мерките содржани во Планот 3-6-9 (статус 19.9.2017 година).

  - Владата ги разгледа Информацијата за статусот на реализација на мерките 5.1.1 и 5.1.2 од делот 5. Граѓанско општество од Планот 3-6-9 и Извештајот за преземените мерки и активности од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012- 2017), како материјал за информирање.

*

*　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>**Точка 1**</u>

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за прогресот на активностите од проектот „Посета на компании“ кои имаат проблем во постапката за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост и за остварените средби со физички и правни лица за проблеми од имотно-правен карактер, со прилозите за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да се произнесе дали останува на предлог - заклучоците предложени во Информацијата или ќе достави нови предлог - заклучоци.

<u>**Точка 2**</u>

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на реализација на проектот „Откуп на дворно место 1 евро за 1 $м^2$“, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи, на последната седница на Владата во септември 2017 година, да достави Информација за текот и прогресот на реализацијата на проектот „Откуп на дворно место 1 евро за 1 $м^2$“.

<u>**Точка 3**</u>

Владата по Годишниот извештај за работењето на ЈПВ „Лисиче“ - Велес за 2016 година, Финансискиот извештај за 2016 година, Годишната сметка за 2016 година и Извештајот на независниот ревизор за финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2016 година ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на ЈПВ „Лисиче“ - Велес за 2016 година (нов текст), во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на ЈПВ „Лисиче“ - Велес за 2016 година (нов текст), во предложениот текст.

Истовремено, Владата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за финансии по материјалот заклучи, раководството на ЈПВ „Лисиче“ - Велес да ја разгледа можноста за подобрување на финансиската ситуација на Претпријатието и за ова да подготви и до крајот на 2017 година до Владата да достави соодветен предлог.

**<u>Точка 4</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со болеста инфективна анемија кај копитари (за период од 21.7.2017 година до 18.8.2017 година) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство да преземе мерки за сузбивање и искоренување на болеста инфективна анемија кај копитари и редовно на секои три недели да ја известува Владата за моменталната состојба со болеста.

2. Се укажува на општините: Чучер-Сандево, Гази Баба, Бутел, Арачиново и Липково да одредат локации за јами-гробници, каде ќе се изврши нештетно отстранување на животните кај кои е потврдена болеста и да обезбедат механизација за ископ на јамите-гробници до 30 септември 2017 година.

**<u>Точка 5</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на работењето и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2016 година, со предлог - одлуки и не ги донесе:

- Одлуката за одобрување на работењето и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2016 година,

- Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2016 година (Мишо Николов - претседател на Одборот на директори),

- Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна

сопственост-Скопје за 2016 година (Жаклина Трајковска - неизвршен независен член на Одборот на директори),

- Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2016 година (Диме Јовановски - неизвршен член на Одборот на директори) и

- Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2016 година (Шеваљ Цеку - извршен член на Одборот на директори).

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за распределба на добивката на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје за 2016 година, со Предлог-одлука и заклучи Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје во соработка со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии да го доработат текстот на Предлог-одлуката, во насока добивката да биде уплатена во Буџетот на Република Македонија.

Одлуката да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**Точка 7**

Владата по Информацијата за претставување на проблемите со кои се соочува Општина Пласница заклучи Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на Општините, да ја разгледа Информацијата и во рок од два месеца до Владата да достави предлози и ставови во врска со состојбите и проблемите со кои се соочува Општина Пласница.

**Точка 8**

Владата ги разгледа Информацијата за тековниот статус на активностите и потребите на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, тековен статус на процесот на акредитација на здравствените установи во Република Македонија и Извештајот од анализата за задоволство на пациентите ја усвои Информацијата и ја задолжи Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, во рок од шест месеци да ја информира Владата за тековниот статус на болниците во процесот за акредитација.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на ДГТ ЖИКОЛ ДООЕЛ Струмица, а во врска со распределениот имот на АД „Македонија“ фабрика за производство на санитарна керамика Струмица и притоа заклучи:

- Во рок од седум дена да се формира работна група со претставници од Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Министерството за економија, Управата за јавни приходи, Фондот на пензиското и инвалидско осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, со цел да направи анализа на проблемите наведени во оваа информација, со оглед дека во најкраток можен рок потребно е да се предложат соодветни решенија во интерес на работниците на кои треба да им се утврди стаж на осигурување за оние кои што поради неплатениот придонес не можат да остварат право на пензија.

Работната група да ги има предвид укажувањата и насоките изнесени во мислењата на Министерството за труд и социјална политика и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 10**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за прогласување на збирка на движно културно наследство „Збирка фотографии од Благоја Дрнков” во Јавната установа Музеј на град Скопје за културно наследство од особено значење, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата по барањето на Координативното тело на оштетени правни субјекти за остварување на право на надомест на штета од катастрофалните поплави од 6.8.2016 година во Скопскиот и Тетовскиот регион и притоа заклучи:

- Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за економија да подготви и до Владата да достави усогласен предлог за надминување на состојбата со оштетените правни субјекти кои побаруваат остварување на право на надомест на штета од катастрофалните ноплави од 6.8.2016 година во Скопскиот и Тетовскиот регион.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за иницијативи во врска со работната програма на Светската трговска организација за електронска трговија и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии најдоцна во рок од пет дена да достави до Министерството за економија, номинација на член во работната група за е-трговија во СТО, со податоци за контакт.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи најдоцна во рок од пет дена да достави до Министерството за економија, номинација на член во работната група за е-трговија во СТО, со податоци за контакт.

3. Се задолжува Министерството за култура најдоцна во рок од пет дена да достави до Министерството за економија, номинација на член од областа на заштита на правата од интелектуална сопственост во работната група за е-трговија во СТО, со податоци за контакт.

4. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација најдоцна во рок од пет дена да достави до Министерството за економија, номинација на член од областа на електронски комуникации и член од областа на електронски потпис, во работната група за е-трговија во СТО, со податоци за контакт.

5. Се задолжува Министерството за внатрешни работи најдоцна во рок од пет дена да достави до Министерството за економија, номинација на член од областа на заштита од компјутерски криминал во работната група за е-трговија во СТО, со податоци за контакт.

6. Се задолжува Министерството за транспорт и врски најдоцна во рок од пет дена да достави до Министерството за економија номинација на член во работната група за е-трговија во СТО, со податоци за контакт.

7. Се задолжува Државниот завод за индустриска сопственост најдоцна во рок од пет дена да достави до Министерството за економија, номинација на член од областа на заштита на правата на индустриска сопственост во работната група за е-трговија во СТО, со податоци за контакт.

8. Се задолжува Министерството за финансии - Бирото за јавни набавки најдоцна во рок од пет дена да достави до Министерството за економија, номинација на член од областа на јавните набавки во работната група за е-трговија во СТО, со податоци за контакт.

9. Се задолжува Министерството за финансии - Царинска управа најдоцна во рок од пет дена да достави до Министерството за економија, номинација на член во работната група за е-трговија во СТО, со податоци за контакт.

10. Се укажува на Агенцијата за електронски комуникации најдоцна во рок од пет дена да достави до Министерството за економија, номинација на член во работната група за е-трговија во СТО, со податоци за контакт.

11. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските ресори, најдоцна во рок од пет

дена да достави до Министерството за економија, номинација на член во работната група за е-трговија во СТО, со податоци за контакт.

12. Се задолжува Министерството за економија во соработка со работната група за е-трговија во СТО, во рок од два месеци да ја извести Владата за позицијата што ќе ја дефинира и таа позиција ќе биде предмет на дискусија во СТО телата, преку Постојаната Мисија на Република Македонија при Обединети нации.

**Точка 13**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од изработка на среднорочна стратегија за општествена одговорност на Република Македонија и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, Бирото за развој и образованието, Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија - Одделение за соработка со невладини организации и Министерството за локална самоуправа и им се укажува на заедниците на локалната самоуправа, да достават информација до Министерството за економија за реализираните мерки и активности врз основа на Националната агенда за општествена одговорност на претпријатијата за Република Македонија 2008-2012 година, како и за сегашните и планираните мерки и активности во делот на општествената одговорност кои се во нивна надлежност, најдоцна до 10.10.2017 година.

2. Се задолжува Министерството за економија да ги координира натамошните активности за изработка на среднорочна стратегија за општествена одговорност на Република Македонија и за истото да достави информација до Владата најдоцна до 15.12.2017 година.

**Точка 14**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување за наредната седница Информацијата во врска со барањето на Фени индустри АД Кавадарци за еднostран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - железно никлоносна руда на локалитетот „Ржаново“, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука (нов текст).

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Дрвен Мост“, с. Шупли Камен - Општина Куманово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја

донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи, склучени со Министерството за економија, со предлог - одлуки и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести Концесионерот „ИМПГ“ ДОО - Скопје дека за локацијата бр.158 Кадина река согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија му се продолжува дополнителниот рок до 27.3.2018 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа. Соодветно на овој предлог, Концесионерот да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за изведба најмалку до 27.4.2018 година.

2. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести Концесионерот „ИМПГ“ ДОО - Скопје, дека за локацијата бр.353 Зрновска река, согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија, му се продолжува дополнителниот рок до 24.2.2018 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа. Соодветно на овој предлог Концесионерот да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за изведба најмалку до 24.3.2018 година.

3. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести Концесионерот „ИМПГ“ ДОО Скопје, дека за локацијата бр.351 Зрновска река согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија, му се продолжува дополнителниот рок до 8.2.2018 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа. Соодветно на овој предлог Концесионерот да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за изведба најмалку до 8.3.2018 година.

4. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести Концесионерот „ХЕЦ 277“ ДОО - Скопје, дека за локацијата бр.277 Воденешница согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија, му се продолжува дополнителниот рок до 5.2.2018 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа. Соодветно на овој предлог Концесионерот да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за изведба најмалку до 5.3.2018 година.

5. Владата на Република Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за следните локации:

- за локацијата бр. 105 Одранска река до 25.3.2018 година на Концесионерот Супер Ноува Енерги - ДООЕЛ Тетово;

- за локацијата бр.106 Одранска река до 25.4.2018 година на Концесионерот Супер Ноува Енерги ДООЕЛ - Тетово;

- за локацијата бр.107 Беловишка до 16.3.2018 година на Концесионерот Супер Ноува Енерги ДООЕЛ -Тетово;

- за локацијата бр.115 Бањанска река до 18.12.2017 година на Концесионерот ЕМК ДООЕЛ Мали хидроелектрани - Скопје;

- за локацијата бр. 104 Габровска река до 23.5.2018 година на Концесионерот Ани Енергетик ДОО - Тетово;

- за локацијата бр.103 Габровска река до 29.4.2018 година на Концесионерот Норд Енерџи Гроуп ДООЕЛ -Тетово;

- за локацијата бр.408 Коселска река до 26.7.2019 година на Концесионерот ХЕЦ 408-ДОО - Скопје;

- за локацијата бр. 349 Блатечка река до 23.10.2018 година на Концесионерот Енерџи Лукс - ДООЕЛ - Штип;

- за локацијата бр.67 Љуботенска река до 02.12.2018 година на Концесионерот ЕМК ДООЕЛ Мали хидроелектрани - Скопје;

- за локацијата бр.66 Љуботенска река до 18.04.2018 година на Концесионерот Трибека Хидро ДООЕЛ - Скопје и

- за локацијата бр.123 Крива река до 13.09.2018 година на Концесионерот ПЦЦ НЕВ Хидро ДООЕЛ - Скопје.

6. Се задолжува Министерството за економија во име на Концедентот писмено да ги извести концесионерите дека им се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 5 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпишат анекси на договорите за концесија за вода, за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија.

7. Се овластува м-р Крешник Бектеши, министер за економија во име на Владата на Република Македонија, како Концедент, да потпише анекси на договорите за концесија со кои се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 5 од овие заклучоци.

8. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерите да достават анекси на гаранциите за изведба, со кои важноста на гаранциите за изведба за локациите од точка 5 од овие заклучоци ќе се продолжи за најмалку 30 дена повеќе од рокот за почеток со комерцијална работа.

9. Владата на Република Македонија, како Концедент ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за вода, за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија со бр. 12-7348/16 од 16.7.2009 година, Договорот за пренос на Договорот за концесија со бр.12-7987/16 од

10.11.2010 година, со Анексот на Договорот за концесија со бр.12-162/4 од 20.1.2014 година и со Анексот на Договорот за концесија со бр.12-7667/1 од 17.12.2015 година за локацијата бр.29 Речанска, во предложениот текст.

10. Владата на Република Македонија, како Концедент ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија со бр. 12-7348/10 од 16.07.2009 година, Договорот за пренос на Договорот за концесија со бр.12-7987/10 од 10.11.2010 година, со Анексот на Договорот за концесија со бр.12-162/2 од 20.1.2014 година и со Анексот на Договорот за концесија со бр.12-2781/1 од 1.4.2016 година за локацијата бр.304 Ораовица, во предложениот текст.

11. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести Концесионерот ЕМК ДООЕЛ Мали хидроелектрани Скопје за точките 9 и 10 од овие заклучоци.

Истовремено, во однос на донесените одлуки под реден број 9 и 10 од овие заклучоци, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија ги информира членовите на Владата дека согласно член 44 став 4 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство, Министерството за економија навремено ги има преземено сите активности за известување на концесионерите за намерата за едностран раскин на договорите и даден е разумен рок за отстранување на неправилностите во спроведувањето на самите договори.

**Точка 17**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата во врска со потпишување на Меморандум за разбирање со Акциски план со кој се врши дополнување на Иницијативата за централно и југоисточно европско поврзување (CESEC) со заеднички пристап кон пазарот на електрична енергија, енергетската ефикасност и обновливиот развој, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од дополнителни усогласувања помеѓу Министерството за економија и Министерството за надворешни работи.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување, поднесен од хотел Квинс - Скопје, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект (хотел Квинс - Скопје, со седиште на ул.Васил Ѓоргов бр.16 - хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Портал -

Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Опера хаус - Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Опера хаус, со седиште на ул.„Димо Хаџи Димов“ бр.8 - Скопје, хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата со предлози за справување со високото ниво на загадување на воздухот во Република Македонија, во текот на летниот период и во текот на целата година, со Правила и начин на работа на Интерсекторската работна група за квалитет на воздух во Република Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви и до Владата да достави решение за формирање на Интерсекторска работна група за следење на состојбата со квалитетот на амбиентниот воздух и дефинирање на соодветни препораки и мерки кои треба да се преземат за подобрување на квалитетот на воздухот, кое да содржи одредба со која ќе се предвиди дека Интерсекторската работна група ќе контактира и соработува со сите овластени лаборатории во Република Македонија, како и со сите академски претставници надлежни по ова прашање.

Решението да се смета за донесено на оваа седница на Владата.

2. Се задолжува Интерсекторската работна група, преку Министерството за животна средина и просторно планирање еднаш месечно до Владата да доставува извештај за нивото на загадување на воздухот во Република Македонија.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-платформа за учеството на Делегацијата на Република Македонија на 72-то редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации, ја усвои Информацијата и ја прифати Платформата за учеството на делегацијата на Република Македонија на 72-то редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за определување набљудувач и заменик набљудувач во Управниот одбор на Европската агенција за фундаментални права и национален офицер за врски и негов заменик и ја усвои со следниве заклучоци:
1. Се определуваат Ицет Мемети, Народен правобранител на Република Македонија, за набљудувач во Европската агенција за фундаментални права од Република Македонија и Уранија Пировска, извршна директорка на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, за заменик набљудувач во Европската агенција за фундаментални права.

2. Се определуваат Тања Кикерекова, раководител на одделение за човекови права во Министерството за правда, за офицер за врски и Елена Бодева, соработник во Министерството за надворешни работи за заменик офицер за врски.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи на Република Македонија и Секретаријатот за европски прашања, да ја известат Европската агенција за фундаментални права за определувањето набљудувач и заменик набљудувач од Република Македонија во Управниот одбор и национален офицер за врски и негов заменик.

<u>**Точка 24**</u>

Владата ја разгледа Информацијата за зголемување на придонесот на Република Македонија во мисијата на НАТО во Авганистан „Одлучна поддршка“ во 2018 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана да спроведе консултации и отпочне планирачки процес со САД, за зголемување на придонесот на Република Македонија во операцијата „Одлучна поддршка“ во 2018 година, за уште осум лица воен персонал. Вкупниот иден придонес на Република Македонија во операцијата „Одлучна поддршка“ во 2018 година да не биде поголем од 47 лица воен персонал.

2. Се задолжува Министерството за одбрана да ја извести Владата за преземените мерки во врска со зголемениот придонес на Република Македонија во операцијата „Одлучна поддршка“, најдоцна до 15.12.2017 година.

<u>**Точка 25**</u>

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за статусот на реализација на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2016 - 2018 година (полугодишен извештај за периодот јануари - јуни 2017 година) и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Централниот регистар на Република Македонија, во рок од 30 дена на својата веб страна да изврши објава на основни (агрегирани) податоци за граѓански организации и деловни субјекти, кои ќе содржат број на субјекти од трговскиот регистар и регистарот на други правни лица (основани и избришани во предметната година, поединечно по НКД - сектор, организационен облик и

статистички регион), за 2015 и 2016 година и број на поднесени годишни сметки и финансиски податоци (приходи, расходи, вработени, поединечно по НКД - сектор и статистички регион) за сите типови на обработка (видови на обрасци и дополнително за непрофитни по секој организационен облик од глава - 10.0 - Општествени организации, фондации и здружение на граѓани) на годишни сметки, за 2015 и 2016 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство, во рок од 15 дена до Министерството за финансии - координаторот на работната група за приоритет 5, да достави информација за степенот на реализација на заложба 5.2 „Отворени податоци за здравствени програми“ и заложба 5.7 „Зголемување на придобивките од трошење на буџетските средства за превентивна и куративна здравствена заштита за граѓаните“ од приоритетната тема „Ефикасно управување со јавните ресурси (фискална транспарентност)“ и за истото да го информираат Министерството за информатичко општество и администрација.
3. Се задолжува Министерството за финансии - Бирото за јавни набавки во рок од 15 дена до Министерството за информатичко општество и администрација да достави информација за планот и динамиката за реализација на заложбата 5.3. „Создавање законска обврска за договорните органи за задолжително објавување на информации за постапките и за договорите за јавни набавки на своите интернет страници“ од приоритетната тема „Ефикасно управување со јавните ресурси (фискална транспарентност)“.

4. Се задолжуваат Секретаријатот за европски прашања и Министерството за здравство во рок од 15 дена да одржат работен состанок во врска со заложбата 5.5. „Објавување на податоци за склучени договори и добиена помош преку Програмата за инфраструктурен развој (ОРИО) на Кралството Холандија“ приоритетна тема „Ефикасно управување со јавните ресурси (фискална транспарентност)“ и да пристапат кон изменување и дополнување на текстот на заложбата во насока на прецизирање на текстот во однос на формата, начинот и динамика за реализација на заложбата и истиот да го достават до Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за финансии - координаторот на работната група за приоритет 5.

5. Се задолжуваат Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, најдоцна во рок од 15 дена да направат промена на насловот и текстот на заложбата 5.8. „Објавување податоци на квартално ниво за планирана и реализирана домашна и странска помош за рурален развој и земјоделство“ од приоритетната тема „Ефикасно управување со јавните ресурси (фискална транспарентност)“ на начин што ќе утврдат точна динамика на објавување на податоците за висина на доделена државна и странска помош за рурален развој и земјоделство по основ/мерка и локација за програмите за финансиска поддршка на руралниот развој, програмите за финансиска поддршка во земјоделството, програмите за финансиска поддршка за рибарството и аквакултурата и ИПАРД програмата и истиот да го достават до Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за финансии - координаторот на работната група за приоритет 5.

6. Се укажува на Комисијата за заштита на конкуренцијата во соработка со членовите од работната група за спроведување на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2016 - 2018 година, во рок од 15 дена да пристапи кон изменување и дополнување на текстот на заложбата 5.9. „Утврдување податоци за државна помош кои периодично треба да се објавуваат и нивно објавување“ од приоритетната тема „Ефикасно управување со јавните ресурси (фискална транспарентност)“ во насока на прецизирање на текстот во однос на формата, начинот и динамиката за реализација на заложбата и истиот да го достави до Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за финансии - координаторот на работната група за приоритет 5.

7. Се задолжуваат Министерството за правда, Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Министерството за здравство, Министерството за економија, Министерството за локална самоуправа, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Државниот завод за статистика, Управата за хидрометеоролошки работи, Секретаријатот за европски прашања, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Кабинетот на министерот без ресор задолжен за странски инвестиции, д-р Аднан Ќахил, Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, д-р Зоран Шапуриќ, Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска, Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Рамиз Мерко, во рок од 15 дена до Министерството за информатичко општество и администрација да достават ажурирани податоци за номинација на координатор, заменик координатор и членови за работна група, со сите чинители за спроведување на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2016 - 2018 година (согласно постојната структура дадена во Прилог 1 на оваа информација) со следните податоци: име и презиме, звање и работно место, назив на министерство, контакт телефон и електронска адреса.

8. Се препорачува на Централниот регистар на Република Македонија, Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, Државната комисија за спречување на корупцијата, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Народниот правобранител на Република Македонија, во рок од 15 дена до Министерството за информатичко општество и администрација да достават ажурирани податоци за номинација на координатор, заменик координатор и членови за работна група со сите чинители за спроведување на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2016 - 2018 година (согласно постојната структура дадена во Прилог 1 на оваа информација) со следните податоци: име и презиме, звање и работно место, назив на министерство, контакт телефон и електронска адреса.

**Точка 26**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги 5 ЛЕТЕРС ДОО Ресен за вршење на дејност одгледување на коноп за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на коноп за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги 5 ЛЕТЕРС ДОО Ресен, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја донесе Уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца - детски градинки по општини за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја донесе Уредбата за методологијата за утврдување критериуми за распределба на блок дотации за јавните установи за социјална заштита - домови за стари лица за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја донесе Програмата за условен паричен надоместок за средно образование за учебната 2017/2018 година, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата по доставено барање одобрение за основање на установа за деца - Детска градинка „Кул кидс градинка“ - Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање одобрение за основање на приватна установа за деца - детска градинка „Кул кидс градинка“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Решението за назначување на претседавач, членови и заменици на Национално координативно тело против семејно насилство, со Предлог-решение (нов текст), ја усвои Информацијата и го донесе

Решението за назначување на претседавач, членови и заменици членови на Национално координативно тело против семејно насилство, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за зголемување на коефициентите на сложеност на работите во јавните установи за деца - детски градинки, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за труд и социјална политика почнувајќи од септември 2017 година, за плата која ќе биде исплатена во октомври 2017 година, со линеарно зголемување од 2% на коефициентите кои се во примена, да го реализира зголемувањето на платите за вработените во детските градинки, согласно обезбедените средства во Буџетот за 2017 година.

**Точка 34**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Македонија за 2017 година за спроведување на локалните избори во 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Македонија за 2017 година (за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги), со заклучок на крајот од членот 1 да се додадат зборовите „во 2017 година".

**Точка 36**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и гас СО2 на локалитетот „Дабечко Поле" с.Поешево - општина Битола, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - дијабаз на локалитетот „с.Удово", Општина Валандово, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - гипс на локалитетот „Бошков Мост", Општина Дебар, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата на предлог на предлагачот, го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната

суровина - мермер на локалитетот „Галабовец - Нови Присад“ - општина Прилеп од Трговското друштво за производство, трговија и услуги Орто мермери ДОО увоз-извоз Скопје на Акционерското друштво за производство и преработка на мермер, Фимар Балкан АД - Скопје.

Материјалот да се разгледа на седница на Владата по завршување на изборниот процес.

**<u>Точка 40</u>**

Владата ја донесе Одлуката за еднostран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Бегојца“ с.Стенче - Општина Брвеница, во предложениот текст.

**<u>Точка 41</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на здружението за рурален развој на село Туденце - Општина Јегуновце, која да се разгледа на седница, откако Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе го усогласи текстот на Предлог-одлуката со Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи и Секретаријатот за законодавство и истиот ќе го достави до Владата.

**<u>Точка 42</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Здружението за помош, изградба и обнова на цркви и манастири храм „Свети Архангел Михаил“ - Куманово, која да се разгледа на седница, откако Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе го усогласи текстот на Предлог-одлуката со Министерството за финансии - Управа за имотно - правни работи и Секретаријатот за законодавство и истиот ќе го достави до Владата.

**<u>Точка 43</u>**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Македонија право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и најмалку 10.000 избирачи. Имајќи ја предвид оваа уставна одредба, цениме дека предложениот закон за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, по скратена постапка е поднесен од овластен предлагач.

Во однос на предложената содржина на членовите 1, 2 и 5 од предметниот Предлог-закон, се дава позитивно мислење и се укажува дека предложеното решение е разгледувано и земено предвид и во работниот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, во рамките на Министерството за внатрешни работи.

Во однос на членовите 3 и 4 со кои се предлага ревидирање на рокот на важност на возачката дозвола, согласно компаративните искуства на повеќе земји (Србија, Словенија, Португалија и др.), сме на оценка дека може да се пристапи кон измена на наведените одредби, притоа имајќи го предвид и Мислењето на Министерството за здравство, во чија надлежност е спроведувањето на контролни здравствени прегледи на возачот.

Истовремено, Владата на Република Македонија укажува на потребата Предлог-законите доставени од пратениците во Собранието на Република Македонија, да се разгледуваат по редовна постапка, како и да се организира јавна дебата по истите.

## Точка 44

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законот за дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе биде разгледан на седница на основните комисии на Владата, поради потребата Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави заедничко мислење, во соработка со Министерството за транспорт и врски и Секретаријатот за законодавство.

## Точка 45

Владата го разгледа Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2017 година, Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2017 година, со Предлог-одлуката за согласност на Одлуката за висина на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2017 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 56 став (1) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија„ бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015 и 30/2016), најдоцна до 31 декември во тековната година, Агенцијата доставува финансиски план за наредната година на усвојување на Собранието на Република Македонија.

Според член 56 став (3) точка а) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Агенцијата наплатува од пензиско друштво месечен надомест

на товар на пензиските друштва најмногу до 0,8% од секој уплатен придонес во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат.

Заради поголема прегледност и разбирање, Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2017 година треба да биде по детализиран. Иако финансискиот план има наративен дел кој треба да ги објаснува ставките, сепак за некои ставки треба повеќе објаснување за тоа што всушност точно значат тие ставки, во смисла за каква опрема, услуга или материјали кои треба да се набавуваат станува збор и која е нивната намена. Појаснување, исто така треба да се дава и за секое зголемување на планирани средства за наредна година во однос на претходната година, како забелешка која треба да се има предвид во иднина при подготвување на финансики план.

Во однос на ставките прикажани во табеларниот дел на финансискиот план, подолу ќе ги наведеме ставките во кои има разлики и зголемувања планирани за 2017 година, споредено со Финансискиот план за 2016 година:

- ставка 1 подточка 1.2. Канцелариски материјали - во 2016 година планирани се 120.000 денари, за 2017 година се планираат 200.000 денари,

- ставка 3 подточка 3.1. Набавка на резервна боца и ревизија на системот на пожар, во 2016 година, планирани 90.000 денари во 2017 година се планираат 180.000 денари (во наративниот дел на планот стои објаснување дека во 2016 година не се реализира оваа набавка иако било планирано, бидејќи е добиена повисока понуда од планираните средства).

- ставка 3 подточка 3.2. Учество на трошоците на Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Ова ставка е нова и не била предвидена во 2016 година, истата се планира за 2017 година во износ од 30.000 денари. Во наративниот извештај стои дека Агенцијата има потпишано спогодба за заедничко користење на потстаница и мрежа за снабдување со топлинска енергија со Фондот за здравствено осигурување на Македонија, при што Агенцијата учествува со 20% во сите трошоци.

- ставка 4 подточка 4.6. Поштенски пратки. За оваа ставка во 2016 година се планирани 350.000 денари, додека за 2017 година се планираат 600.000 денари.

- ставка 7 подточка 7.4. Наем (лизинг) на возила. Оваа ставка е нова и за прв пат се планира за 2017 година. За оваа ставка планирани се 750.000 денари. Во објаснувањето стои дека Агенцијата има потреба да ги смени возилата кои ги поседува поради тоа што имаат големо трошење на компонентите и зголемување на потрошувачката на гориво, што значајно влијае на нивната безбедност и тоа придонело за скратување на нивниот животен век и континуирано зголемување на трошоците за нивното редовно одржување. Агенцијата наведува дека има потреба да набави две нови возила преку лизинг.

- ставка 13 подточка 13.3. Преведувачки услуги, за 2016 година, планирани 200.000 денари, за 2017 година, планирани се 300.000 денари.

- ставка 13 подточка 13.10. Ревизија на лични податоци, ова ставка е нова и не била предвидена во 2016 година, додека за 2017 година планирани се 150.000 денари. Нема објаснување по оваа ставка.

- ставка 16 подточка 16.2. Набавка на опрема за снимање на телефонска линија за членство, претставува нова ставка планирана за 2017 година. За оваа ставка планирани се 50.000 денари. Во образложението стои дека Агенцијата секојдневно ги известува членовите за нивните права и прима поплаки. Поради ова, има потреба од набавка на опрема за снимање на телефонска линија за да го подобри системот на информирање на членовите.

- ставка 16 подточка 16.3. Надградба и модернизација за интегрираното решение за централен на Backup податоци, претставува нова ставка за 2017 година. за која се планирани 4.800.000 денари. Во образложението стои дека во 2017 година се планира да се набави трет сервер за бекап на податоци, бидејќи постоечкиот сервер е дотраен, сметководствено нема вредност, скап за одржување и не би требало Агенцијата на него да ги изведува носечките процеси.

Со Предлог - финансискиот план на Агенцијата за 2017 година, вкупните тековни приходи се планирани во износ од 47.149.000 денари, а вкупните тековни расходи во износ од 46.834.510 денари. Вишокот на приходи над расходи кои Агенцијата планира да ги оствари за 2017 година е за 54 % помал во однос на планираниот вишок на приходи над расходи за 2016 година и изнесува 314.490 денари. Согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, вишокот на приходи над расходи ќе се уплати во резервниот фонд на Агенцијата.

Со Финансискиот план за 2017 година, Агенцијата предвидува набавка на нов компјутерски софтвер во износ од 6.500.000 денари. Согласно Финансискиот план за 2016 година, Агенцијата во 2016 година набавила исто така нов компјутерски софтвер во износ од 2.164.499 денари.

Со оглед на тоа што Агенцијата и во 2017 година повторно планира набавка на нов компјутерски софтвер со истото образложение како за 2016 година, ќе биде потребно при разгледување на Извештајот во Собранието на Република Македонија, Агенцијата да достави дополнително објаснување за набавката на овој софтвер.

Во врска со Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2017 година, Владата нема забелешка. Како и во 2016 година и за 2017 година висината на месечниот надоместок што го наплатува Агенцијата од пензиските друштва утврдена е во износ од 0,8% од вкупниот износ на придонеси од предходниот месец. Процентот од 0,8% претставува законски утврден максимален износ на надоместокот, кој е пропишан со член 56 став 3 точка а) од Законот за задолжително финансирано пензиско осигурување.

**Точка 46**

Владата го разгледа Барањето согласност на Статутот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје и притоа го утврди следното мислење:

Во членот 52 треба да изостане наведувањето на верските заедници, со оглед дека истите не би можеле да се стекнат со статут на придружни членки, имајќи ги предвид одредбите од член 23 став 2 и 3 од Законот за високото образование, согласно кои високообразовната установа на верска заедница може да биде во состав на универзитет, како придружна членка, положбата на високообразовна установа на верска заедница во составот на универзитет се определува и уредува со договор, склучен во писмена форма, помеѓу универзитетот и основачот на високообразовната установа на верска заедница, а условите за пристапување на високообразовна установа на верска заедница кон Универзитетот, како и нивните права и обврски, се уредуваат со Статутот на Универзитетот.

Ова, дотолку повеќе што согласно член 19 од Уставот на Република Македонија се гарантира слободата на вероисповед и се гарантира слободно и јавно, поединечно или во заедница со други, изразување на верата.

Македонската православна црква, другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред Законот, како и слободни во основањето на верски училишта и социјални и добротворни установи, во постапка предвидена со закон.

Членовите 57 и 58 треба да изостанат, со оглед дека во Законот за високото образование не се предвидени одредби кои се однесуваат на почесни членки на Универзитет.

Членовите 83-86 и 174-176 треба да изостанат со оглед дека во составот на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје, не се предвидени институти.

Во членовите 169 и 170 треба да се доуреди составот и начинот на изборот на членови на Универзитетскиот сенат, како и други работи кои истиот ги врши.

Во членот 202 треба да изостане наведувањето дека предметната уредба на предлог на министерот за образование и наука, ја донесува Владата на Република Македонија, со оглед дека давањето овластување за донесување на истата законска материја е уредено во член 83, алинеја 3, од Законот за високото образование.

Со оглед дека во членот 99, став 17 и 18 од Законот за високото образование, задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус, поблиску ги одредува Одборот за акредитација и евалуација на високото образование со посебен акт, а студиските програми може да имаат и други компоненти определени со Статутот на Универзитетот, односно со Правилникот на единицата, во согласност со Статутот на Универзитетот, односно Статутот на самостојната високообразовната установа, се укажува на потребата член

238 од Статутот да се дополни со одредби за другите компоненти на студиските програми, а ставот 2 да изостане.

Во членовите 254 и 255 треба да изостане наведувањето на „уметничка работа“ со оглед дека Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје во својот состав нема уметничка академија.

Во членот 279 треба да доврши ставот 2, во спротивно да изостане.

Со оглед дека во преодните и завршните одредби наведени се рокови кои се веќе изминати, се укажува на потребата истите соодветно да се ревидираат.

Освен наведеното, Владата на Република Македонија укажува на потребата од правно-техничко подобрување на текстот на Статутот, во функција на номотехничко допрецизирање на одредбите од истиот.

**Точка 47**

Владата во врска со Барањето за давање на автентично толкување на членот 119 од Законот за просторно и урбанистичко планирање поднесено од пратеникот Јован Митрески, заклучи Министерството за транспорт и врски, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Секретаријатот за законодавство, да подготви заедничко мислење, кое ќе го достави до Владата.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 77 од Законот за пензиското и инвалидско осигурување („Службен весник на Република Македонија“, бр.98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 160/204, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015 и 27/2016 ), поднесена од Борко Симоски од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата наведува дека поведува постапка за оценување на уставност и законитост на решение за престанок на работниот однос со право на исполнување услови за старосна пензија на Борко Симовски бр.04-23/80 од 5.5.2017 година и член 77 од Законот за пензиското и инвалидско осигурување („Службен весник на Република Македонија”, бр. 98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015, 27/2016, 120/2016 и 132/2016).

Во образложението на Иницијативата подносителот наведува дека одредбите од член 77 од Законот за пензиското и инвалидско осигурување и одредбите од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 36/2010, 23/2011, 47/2011, 148/2011, 55/2012, 29/2014 и 33/2015) кои се однесуваат на престанокот на работниот однос по потреба на служба со остварување

на право на старосна пензија, се во спротивност со начелото на еднаквост на граѓаните при остварување на правата на работен однос и еднаква примена на законите.

Поради наведеното подносителот предлага Уставниот суд на Република Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на решенијата за престанок на работниот однос по потреба на служба и член 77 од Законот за пензиското и инвалидско осигурување, бидејќи не е усогласен со членовите 8, 9, 11, 12, 32, 50 и 54 од Уставот на Република Македонија.

Меѓутоа, од содржината на предметната Иницијатива произлегува дека не станува збор за оспорување на одредби кои се противуставни, туку се работи за евентуална погрешна примена на одредби од Законот за пензиското и инвалидско осигурување и Законот за служба во Армијата на Република Македонија, од што произлегло донесување на наведеното Решение, кое што всушност претставува поединечен акт.

Во член 110 од Уставот на Република Македонија е утврдена надлежноста на Уставниот суд на Република Македонија, а согласно член 112 став 1 од Уставот на Република Македонија, е утврдено дека Уставниот суд на Република Македонија ќе укине или поништи закон, ако утврди дека не е во согласност со Уставот на Република Македонија.

Согласно член 11 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, постапка за оценување на уставноста на закон и уставноста и законитоста на пропис или друг општ акт се поведува со решение на Уставниот суд на Република Македонија, по повод поднесена иницијатива, а согласно член 12, секој може да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на закон и уставноста и законитоста на пропис или друг општ акт.

Имајќи ги предвид претходно цитираните одредби од Уставот на Република Македонија и Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, како и предлогот на подносителот за поведување на постапка за оценување на уставност на решението за престанок на работниот однос, со право на исполнување на услови за старосна пензија, начелно се укажува дека не е утврдена надлежност на Уставниот суд на Република Македонија за оценување на уставност за конкретни поединечни акти.

Од друга страна пак, подносителот на Иницијативата предлага поништување на член 77 од Законот за пензиското и инвалидско осигурување, поради неусогласеност со одредбите на Уставот на Република Македонија.

Со одредбите од Глава VII, Стекнување и остварување на правата на определени од Законот за пензиското и инвалидско осигурување („Службен весник на Република Македонија", бр. 98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015, 27/2016, 120/2016 и 132/2016) се уредуваат посебните услови под кои

вработените од одбраната, внатрешните работи и казнено поправни и воспитно поправни установи, остваруваат права од пензиско и инвалидско осигурување.

Согласно член 77 од Законот за пензиското и инвалидско осигурување на осигуреник, вработен како воен и цивилен персонал, согласно закон, кој има најмалку 25 години пензиски стаж, од кои најмалку 15 години ефективно поминати на работни места за кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење и 55 години живот (маж), односно 50 години живот (жена), ако работниот однос му престане по потреба на службата, може да оствари право на старосна пензија.

Со одредбите од член 18 се уредени општите услови за остварување право на старосна пензија за сите категории на осигуреници опфатени со Законот за пензиското и инвалидско осигурување.

Во член 19 од овој закон е уредено намалувањето на старосната граница за стекнување право на старосна пензија на осигуреникот во зависност од степенот за зголемување на стажот и тоа за по една година за:

1) секои седум години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци;

2) секои шест години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци;

3) секои пет години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци;

4) секои четири години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци;

5) секои три години и шест месеци поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 17 месеци и

6) секои три години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци.

Во член 79 од Законот за пензиското и инвалидско осигурување е утврдено намалувањето на старосната граница за осигурениците вработени како воен и цивилен персонал на кого стажот на осигурување му се смета со зголемено траење зависно од степенот на зголемување на стажот и тоа за по една година за секои:

1) шест години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци;

2) пет години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци;

3) четири години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци и

4) три години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци.

Освен тоа, согласно член 228 од овој закон старосната пензија се утврдува во процент од пензиската основица зависно од должината на пензискиот стаж за осигурениците кои биле опфатени во задолжително пензиско и инвалидско осигурување до 1 септември 2001 година и кои не избрале да се вклучат во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и имаат исполнет пензиски стаж најмалку 15 години.

Одредбите од член 79 од Законот за пензиското и инвалидско осигурување го уредуваат намалувањето на старосната граница за осигурениците вработени како воен и цивилен персонал. Одредбите од член 228 се однесуваат на определување на старосната пензија од пензиската основа зависно од должината на пензискиот стаж за осигурениците кои биле опфатени во задолжително пензиско и инвалидско осигурување до 1 септември 2001 година и кои не избрале да се вклучат во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и имаат исполнет пензиски стаж најмалку 15 години.

Условите за престанок на работниот однос по потреба на служба, е уреден со Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија", бр. 36/2010, 23/2011, 47/2011, 148/2011, 55/2012, 29/2014 и 33/2015).

Во Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија", бр. 36/2010, 23/2011, 47/2011, 148/2011, 55/2012, 29/2014, 33/2015, 193/2015, 193/2015 и 71/2016) во член 218 став (1) точка 5) е утврдено дека на активниот воен и цивилен персонал му престанува работниот однос во Министерството за одбрана, ако исполни услови за пензија согласно со закон - со денот на конечноста на решението за престанок на работниот однос, додека во член 220 ставови (1), (2) и (6) е утврдено дека на воен старешина - офицер, односно подофицер и цивилен персонал, работниот однос им престанува по потреба на службата во Армијата кога ќе настанат промени во актот за формација на Армијата, односно поради промени во актот за систематизација на Министерството за одбрана, кои предизвикуваат укинување на единицата, командата, штабот или укинување на формациското место, односно трансформација на организационите единици во Министерството за одбрана, а воениот старешина офицер, односно подофицер и цивилен персонал. во рок од 60 дена од денот на настанатите промени нема можност да биде поставен на друго формациско, односно работно место, го одбие понуденото поставување или не ги исполнува условите за унапредување во кариера, согласно со критериумите за унапредување на офицерскиот и подофицерскиот кор, при што им се обезбедува стекнување на право на пензија со најмалку 25 години пензиски стаж, од кои најмалку 15 години остварен во Армијата на Република Македонија, без оглед на возраста, доколку не исполнува услови за старосна пензија. Средствата за остварување на овие права се обезбедуваат од буџетот на Министерството за одбрана.

Освен тоа, во член 221 став (1) од Законот за служба во Армијата на Република Македонија е утврдено дека висината на пензијата од член 220 став (2) се утврдува во зависност на должината на исполнетиот пензиски стаж, а пензиската основица во висина од 80%, се намалува за 0,5% за секоја година пензиски стаж пократок од 40 години, додека пак во став (3) од овој член е утврдено дека наведеното право на пензија се остварува во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Врз основа на погоре наведеното, произлегува дека Законот за пензиското и инвалидско осигурување, како системски закон, содржи општи норми, права и обврски за осигурениците и корисниците на права од пензиското и инвалидско осигурување, а со Законот за служба во Армијата на Република Македонија, како материјален закон подетално се уредени правата, обврските, должностите и одговорностите на персоналот на служба во Армијата на Република Македонија. Оттука материјалниот Закон за служба во Армијата на Република Македонија и системскиот Закон за пензиското и инвалидско осигурување, се применуваат и треба да се гледаат во нивната примена комплементарно како функционална нормативно правна целина.

Законот за пензиското и инвалидско осигурување за оваа категорија на осигуреници дава можност правото на старосна пензија да го остварат според општите услови уредени со член 18 односно со навршени 64 години живот (маж), односно 62 години (жена) и најмалку 15 години стаж на осигурување или пред исполнување на овие услови според член 19, односно член 77 од овој закон со намалување на старосната граница.

Во случајот, престанокот на работниот однос врз основа на член 218 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија е врз основа на исполнети услови за старосна пензија, но со одредбите на овој закон не се предвидува да се земе предвид и определувањето на висината на старосната пензија. При донесување на решението за престанок на работниот однос Министерството за одбрана ги ценел и одредбите од член 220 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија и утврдување на висина на пензија според член 221 од истиот закон, но подносителот на Иницијативата не ги исполнувал условите од причина што не биле настанати промени во актот за формација на Армијата, односно поради промени во актот за систематизација на Министерството за одбрана кои предизвикуваат укинување на единицата, командата, штабот или укинување на формациското место на кое именованиот бил поставен.

Од причина што во конкретниот случај не може да се примени член 221 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, како Lex specialis се применети одредбите од член 77 од Законот за пензиското и инвалидско осигурување.

Во таа насока, се смета дека член 77 од Законот за пензиското и инвалидско осигурување не содржи одредби со кои се нарушува правото на еднаквост на граѓаните пред Уставот на Република Македонија, и законите, со оглед дека со овој

член се уредени условите за остварување право на старосна пензија за осигурениците како воен и цивилен персонал, кои имаат најмалку 25 години пензиски стаж, од кои најмалку 15 години ефективно поминати на работни места за кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење и при тоа овие осигуреници можат ова право да го остварат пред исполнување на општите услови определени со член 18 од истиот закон, односно со навршени 55 години (маж), односно 50 години живот (жена), доколку работниот однос му престане по потреба на службата, согласно Законот за служба во Армијата на Република Македонија. Исто така, со остварување на правото на старосна пензија со член 78 од Законот за пензиското и инвалидско осигурување, утврдени се проценти за определување на висината на старосната пензија за секоја година на пензиски стаж, кој што до 2012 година за маж изенсува 2.22%, а за жена 2.35% за пензиски стаж до 25 години. За секоја натамошна година на пензиски стаж се додаваат дополнителни 1.08% за маж, односно 1.29% за жена. Со ова решение се обезбедуваат поповолни проценти при пресметувањето на висината на пензијата, со цел да се обезбеди висина на старосна пензија во соодветен износ поради остварувањето на правото на пензија пред 64 години за маж, односно 62 години за жена.

Имајќи го предвид горенаведеното, со оглед дека постапка за оценување на уставност и законитост се покренува за закони, прописи и други општи акти, а не и за поединечни решенија, а оспорената одредба на член 77 од Законот за пензиското и инвалидско осигурување („Службен весник на Република Македонија", бр. 98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 113/2014, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015 и 27/2016) е во согласност со Уставот на Република Македонија, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 77 од посочениот закон.

**<u>Точка 49</u>**

Владата ја одложи од разгледување Иницијативата од градоначалникот на општина Валандово, Николче Чурлиновски, доставена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за распишување на референдум на локално ниво број 08-51/1, донесена на седницата на Советот на Општината Валандово, одржана на 3.7.2017 година и на Одлуката за распишување на референдум на локално ниво бр. 08-54/3 донесена на седницата на Советот на Општина Валандово, одржана на 10.7.2017 година за наредната седница на Владата, откако истата претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да подготви заедничко мислење во соработка со Министерството за економија и Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 50</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокат Надица Андова од Кавадарци, до Уставниот суд на Република Македонија за поведување постапка за

оценување на уставноста на членовите 1, 2, 3, 4 и 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за виното („Службен весник на Република Македонија“ бр.172/16) и притоа го утврди следново мислење:

Согласно наводите во Иницијативата, во членовите 1, 2, 3, 4 и 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за вино („Службен весник на Република Македонија“ бр.172/16) се утврдени одредби со кои се овозможува откуп на винско грозје за производство на вино да може да вршат само производители на вино и трговци со винско грозје наменето за извоз, што не било во согласност со член 8 став 1 алинеи 1 и 7 и член 55 од Уставот на Република Македонија. Оттука подносителот на Иницијативата смета дека се повредени темелните вредности на основните слободи и права на човекот и граѓанинот, признати во меѓународното право и утврдени со Уставот и слободата на пазарот и претприемништвото, предвидени во член 8 став 1 алинеи 1 и 7 од Уставот на Република Македонија и поради тоа му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да ја провери уставноста на членовите 1, 2, 3, 4 и 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за виното („Службен весник на Република Македонија“ бр.172/16).

Согласно член 8 став 1 алинеи 1 и 7 од Уставот на Република Македонија, темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија, меѓу другите, се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот и слободата на пазарот и претприемништвото.

Според член 55 став 1 од Уставот на Република Македонија, во Република Македонија се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото, а според ставот 2 од истиот член, Републиката обезбедува еднаква положба на сите субјекти на пазарот и презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Согласно ставот 3 од овој член, слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Согласно член 3 точка 28-а од Законот за виното, трговец со винско грозје е правно или физичко лице кое врши откуп на винско грозје наменето за извоз, а согласно точка 28-б од истиот член, капитално поврзани друштва се друштва кои вршат дејност производство на вино или производство на грозје и директно или индиректно поседуваат, контролираат или држат 5% или повеќе акции или емитувани удели со право на глас, во друго друштво кое врши дејност производство на вино или производство на грозје.

Согласно член 16-а став (1) од Законот за виното, откуп на винско грозје за производство на вино може да вршат производители на вино и трговци со винско грозје наменето за извоз, а според ставот (2) од истиот член, под откуп на винско грозје во смисла на овој закон не се подразбира купопродажбата на винско грозје извршено меѓу капитално поврзани друштва за винско грозје произведено од капитално поврзано друштво. Согласно ставот (3) субјектите од ставот (1) на овој член треба да се запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кој се води согласно со Законот за земјоделство и рурален развој, а според став (4) од истиот

член грозјето откупено од страна на трговци со винско грозје наменето за извоз може да биде продадено и на производители на вино во Република Македонија само доколку за истото во целост се исплатени финансиските обврски кон производителот на грозје согласно со одредбите од овој закон.

Согласно член 16-б од Законот за виното, утврдена е исплата на винското грозје односно откупувачот на производителот на грозје може износот за откупеното винско грозје да му го исплати во целост во рок од седум дена од денот на приемот, односно предавањето на винското грозје на откупувачот или исплатата на износот за откупеното винско грозје да ја изврши на три рати од кои првата рата во висина од најмалку 20% најдоцна до 15 декември во годината кога е извршен откупот, втората рата во висина од најмалку 40% најдоцна до 15 февруари следната година од годината кога е извршен откупот и третата рата најдоцна до 30 април следната година од годината кога е извршен откупот.

Со членовите 3, 4 и 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за виното („Службен весник на Република Македонија“ бр.172/16) се врши усогласување на термините утврдени со членовите 1 и 2 од овој закон, односно зборовите „за производство на вино“ се заменуваат со зборовите „наменето за извоз“.

Имајќи ги предвид одредбите на оспорените членови од Законот за виното, а посебно член 16-а став (4) се гледа дека идејата на законодавецот е во насока на заштита на производителите на винско грозје, во смисла на навремена исплата на откупот на винското грозје, односно заштита на висината на цената на откупот со цел контрола на пазарната вредност на винското грозје, а не ограничување на слободата на пазарот и претприемништвото само на производители на вино и трговци со винско грозје наменето за извоз. Ова дотолку повеќе што во законот (член 16-а став (4) ) се наведени условите во кои може да се продаде винското грозје и на домашни производители на вино, а тоа е доколку за винското грозје во целост се исплатени финансиските обврски кон производителот на грозје согласно со одредбите од овој закон.

Покрај ова, во Образложението кон Иницијативата подносителот наведува дека во Предлог-законот со кој се воведени оспорените законски одредби воопшто нема образложение за потребата и оправданоста од воведување на истите и дека истиот е донесен со цел усогласување со европската политика и регулативите донесени од Европската Унија.

Во врска со ова, се смета дека овие наоди се целосно неточни со оглед на тоа што образложението за потребата и оправданоста од донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за виното се наведени во насловот „II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ“ од материјалот за Предлог-законот кој е разгледуван во постапката на негово усвојување во Собранието на Република Македонија каде е наведено дека целта за донесувањето на законот е „доуредување на меѓусебните односи на производителите на винското грозје, трговците со винско грозје и производителите на вино од аспект на откупот на винско грозје за производство на вино, како и периодот, роковите и начинот на исплата на откупеното винско грозје, со цел да се заштитат интересите на производителите на винското

грозје и производителите на вино, односно почитување на меѓусебните договорни обврски во насока на подобрување на функционалноста на пазарот на винското грозје и виното", односно поради тоа што целта на законот воопшто не била усогласување со европската политика и регулативите на Европската Унија.

Имајќи го предвид претходно наведеното се смета дека одредбите на членовите 1, 2, 3, 4 и 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за вино („Службен весник на Република Македонија" бр.172/16), не се во спротивност со член 8 став 1 алинеи 1 и 8 и член 55 од Уставот на Република Македонија.

Тргнувајќи од ова, Владата на Република Македонија смета дека предметната Иницијатива е неоснована и му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да ја отфрли како неоснована.

**<u>Точка 51</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр. 67074 за КО Маџари, КП бр. 2467 и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**<u>Точка 52</u>**

Владата го разгледа Записникот од 20.7.2017 година, поднесен од извршител Слободанка Балгурова за продажба на недвижност со усно јавно наддавање (врз основа на член 175 став 4 од Законот за извршување), со И.бр.118/13 и по Понудата го усвои Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**<u>Точка 53</u>**

1. Владата им утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 6 месеци, за период од 11.7.2017 година до 11.1.2018 година, разрешени од должноста членови на Комисијата за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост, на:
- Мукадес Хајдаровска,
-Зоран Арсевски,
-Гајур Рушити,
-Влатко Трајкоски и
-Дејан Стојанов.

2. Владата на Влатко Илиевски, разрешен од должноста претседател на Инспекциски совет му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 6 месеци, за период од 11.7.2017 година до 11.1.2018 година.

3. Владата на Воислав Димитровски, разрешен од должноста член на Инспекциски совет од областа на земјоделството, шумарството, ветеринарството и безбедноста на храната му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 11.7.2017 година до 11.7.2018 година.

4. Владата, на Иринка Ќосева, разрешена од должноста член на Инспекциски совет од областа на градежништвото, урбанизмот и транспортот и утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 11.7.2017 година до 11.7.2018 година.

5. Владата, на Фитим Лога, разрешен од должноста член на Инспекциски совет од областа на управата му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 11.7.2017 година до 11.7.2018 година.

6. Владата, на Марина Поповска-Домазетова, разрешена од должноста член на Инспекциски совет од областа на животната средина и заштита на здравјето на луѓето и утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 11.7.2017 година до 11.7.2018 година.

7. Владата, на Александар Брезовски, разрешен од должноста член на Инспекциски совет од областа на надзорот на пазарот, работните односи и безбедност и здравјето при работа му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 11.7.2017 година до 11.7.2018 година.

8. Владата, на Тања Достинова Запрова, разрешена од должноста директор на КПУ Затвор Струмица и утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

9. Владата, на Весна Бабиќ-Петровски, разрешена од должноста директор на Агенцијата за остварување на правата на заедниците и утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

10. Владата, на Зоран Крстаноски, разрешен од должноста директор на Управата за имотно правни работи, орган во состав на Министерството за финансии му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

11. Владата, на Костадин Јованов, разрешен од должноста директор на Геолошки завод на Република Македонија му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

12. Владата на Игор Златков, разрешен од должноста в.д. директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 3 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.11.2017 година.

13. Владата, на Александар Нацев, разрешен од должноста директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

14. Владата, на Димитар Парнарџиев, разрешен од должноста директор на Бирото за метрологија, орган во состав на Министерството за економија му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

15. Владата, на Славче Трпески, разрешен од должноста в.д. директор на Агенцијата за катастар на недвижности му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

16. Владата, на Јасмина Поповска, разрешена од должноста директор на Фондот за иновации и технолошки развој и утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

17. Владата, на Васил Наумов, разрешен од должноста директор на Агенцијата за иселеништво му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

18. Владата, на Дени Ѓорчевски, разрешен од должноста директор на Бирото за судски вештачења, орган во состав на Министерството за правда му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

19. Владата, на Оливер Ромевски, разрешен од должноста директор на Управата за хидрометеоролошки работи, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

20. Владата, на Лидија Гавриловска, разрешена од должноста в.д. директор на Управата за извршување на санкциите, орган во состав на Министерството за правда и утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

21. Владата, на Февзи Мани, разрешен од должноста заменик на директорот на Агенцијата за млади и спорт му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

22. Владата, на Александар Тргачевски, разрешен од должноста директор на Управата за финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

23. Владата, на Кадир Салих, разрешен од должноста директор на Управата за водостопансто, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

24. Владата, на Џевџес Шаќири, разрешен од должноста директор на Државниот санитарен и здравствен инспекторат му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

25. Владата, на Шабан Салиу, разрешен од должноста в.д. директор на Дирекцијата за заштита и спасување му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

26. Владата, на Влатко Поповски, разрешен од должноста в.д. директор на Агенцијата за вработување на Република Македонија му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

27. Владата, на Гоце Џуклески, разрешен од должноста координатор на Националниот координативен центар за гранично управување му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

28. Владата, на Драган Пенков, разрешен од должноста директор на КПУ Затвор Прилеп му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

29. Владата, на Милан Аризанкоски, разрешен од должноста директор на Управата за електронско здравство, орган во состав на Министерството за здравство му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 9 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.5.2018 година.

30. Владата, на Мелаим Адеми, разрешен од должноста в.д. директор на Државниот девизен инспекторат, орган во состав на Министерството за финансии му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

31. Владата, на Горан Анчески, разрешен од должноста директор на Фондот за осигурување на депозити му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

32. Владата, на Дејан Радосављевиќ, разрешен од должноста директор на Управата за наменско производство, орган во состав на Министерството за економија му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

33. Владата, на Славко Гацовски, разрешен од должноста директор на КПУ Затвор Битола му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

34. Владата, на Лепосава Апостоловски Велинов, разрешена од должноста главен ревизор на Ревизорското тело за претпристапна помош и утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

35. Владата, на Мутаир Максуд, разрешен од должноста заменик на директорот на Центарот за управување со кризи му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

36. Владата, на Лела Крстевска, разрешена од должноста директор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 9 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.5.2018 година.

37. Владата, на Реџепали Чупи, разрешен од должноста директор на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, орган во состав на Министерството за образование и наука му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

38. Владата, на Павле Ников, разрешен од должноста директор на КПУ Затвор Гевгелија му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

39. Владата, на Васил Коцев, разрешен од должноста директор на КПУ Казнено поправен дом Штип му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

40. Владата, на Ивана Николиќ, разрешена од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија и утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 9 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.5.2018 година.

41. Владата, на Бранко Јаневски, разрешен од должноста директор на Управата за прашања на борците и воените инвалиди, орган во состав на Министерството за труд и социјална политика не му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата.

42. Владата, на Мите Костов, разрешен од должноста заменик на директорот на Државниот завод за индустриска сопственост му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

43. Владата, на Јовица Страшевски, разрешен од должноста директор на Управата за сигурност во железничкиот систем, орган во состав на Министерството за транспорт и врски му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

44. Владата, на Менсур Камбери, разрешен од должноста в.д. директор на Управата за семе и саден материјал, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

45. Владата, на Устреф Емин, разрешен од должноста директор на Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Македонија, орган во состав на Министерството за култура не му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата.

46. Владата, го именува м-р Владимир Стојановски за вршител на должноста член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со пасишта - Скопје.

Истовремено, Владата заклучи барањата за утврдување на право за остварување плата по престанување на функција (апанажа), на разрешените функционери од страна на Владата, пред да бидат доставени за разгледување на седница на Владата, претходно да бидат разгледани од Комисијата за именување.

## Точка 54

1. По повод укажувањето на Билен Саљиљи, министер за правда, во врска со веќе разрешените претседател и членови на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, на 14-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 11.7.2017 година, Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во рок од три дена до сите законски определени институции, органи и стопански комори кои членуваат во Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, да достави барања за номинација на лица за претседател и членови на Одборот, согласно принципот на ротација доколку постои како таков (кај стопанските комори).

Истите ќе бидат именувани на првата седница на Владата по завршување на изборниот процес.

2. Владата ги задолжи институциите наведени во листата во прилог, најдоцна до понеделник, 25 септември 2017 година до 16 часот да одговорат на прашалникот за пресметка на плата поставен на http:\\anketa.mioa.gov.mk (Анкета за пресметка на плата).

3. Владата заклучи, да се измени Заклучокот број 1 донесен по точка 40 од 27-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 12.9.2017 година и истиот да гласи:

„Се задолжува Министерството за правда, да го координира процесот на анализа на законите наведени во законската рамка во оваа информација и врз основа на извршената анализа да пристапи кон изменување на оние закони кои се неопходни за воспоставување на надворешен механизам за контрола на работата на вработените во Министерството за внатрешни работи со полициски овластувања и затворската полиција.“

4. Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на надоместок за материјалните трошоци за дадената информација од имателите на информации, во предложениот текст.

5. Владата во врска со упатството за улогата на највисоките политички функционери за време на изборниот процес, заклучи Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, во соработка со Секретаријатот за законодавство да го доработи текстот на упатството во насока на:

- да се утврди формата и насловот на актот (дали да биде акт или тип на политичка декларација),

- да се утврди целната група која ќе биде предмет на уредување (да се однесува само на највисоките политички функционери кои раководат со министерствата, другите

органи на државната управа и управните организации, а кои одлучиле да се вклучат во изборниот процес како кандидати),

- наместо формулацијата „се замрзнува ангажманот“, да стои во смисла сите кои одлучиле да се вклучат во изборниот процес како кандидати, а се на било каква функција да ги отстапат своите овластувања на своите заменици или други официјални лица од нивната институција, за време на изборниот процес, освен нормативната функција, односно истите да не можат да носат прописи и

- зборовите „или за да спроведуваат кои било активности за својата политичка партија“ да изостанат.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 12.9.2017 година до 17.9.2017 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**7.** Владата го разгледа Предлогот за именување претседател на Организационен одбор за прослава на државниот празник - 11 Октомври - Ден на народното востание и претседател на Организационен одбор за прослава на државниот празник - 23 Октомври - Ден на македонската револуционерна борба и притоа заклучи:

1. За претседател на Организациониот одбор за прослава на државниот празник - 11 Октомври - Ден на народното востание ја именува Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, која да определи состав/членови на Организациониот одбор.

2. За претседател на Организациониот одбор за прослава на државниот празник - 23 Октомври - Ден на македонската револуционерна борба го именува м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, кој да определи состав/членови на Организациониот одбор.

Согласно ова, се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да подготви Решение за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на државниот празник - 11 Октомври - Ден на народното востание и Решение за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на државниот празник - 23 Октомври - Ден на македонската револуционерна борба, кои да се сметаат за донесени на оваа седница на Владата.

**8.** Владата заклучи да се повлече од собраниска постапка, Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Македонија, доставен до Собранието на Република Македонија со Писмо бр.44-4141/1 од 3.8.2017 година.

**9.** Владата заклучи да се повлече од собраниска постапка Предлог-законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на

претпријатијата со доминантна сопственост на државата, доставен до Собранието на Република Македонија со Писмо бр.44-4138/1 од 31.7.2017 година.

**Точка 55**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за состанокот на заменици министри за економија / трговија на ЦЕФТА, како материјал за информирање.

**Точка 56**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Информацијата во врска со постапката за продолжување на периодот на важност на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Чардаковец“ општина Ѓорче Петров и општина Чучер Сандево на Друштвото за градежништво, транспорт и трговија Трансмет ДОО Скопје, со Предлог-одлука.

**Точка 57**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за разгледување на можноста за давање на трајно користење на недвижна ствар - објект на Детското одморалиште „Мајски цвет“ Струга на Министерството за труд и социјална политика, за наредната седница на Владата.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на Проектот за унапредување на порталот за електронска комуникација (ПЕК) со цел овозможување на размена на електронски документи со други институции, како материјал за информирање.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на користење на системот е-Даноци, како материјал за информирање.

**Точка 60**

Владата го разгледа Извештајот за работата на директорот на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, за период 1.1.2017 - 30.6.2017 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата го разгледа Предлог-законот за амнестија, по скратена постапка и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата и имајќи ја предвид евидентно лошата состојба во која се наоѓаат казнено - поправните установи ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда да го преработи текстот на Предлог-законот за амнестија, како текст на Предлог-закон кој се носи во редовна постапка.

2. Се задолжува Министерството за правда во текстот на Предлог-законот да предвиди одредба со која ќе биде утврден (дефиниран) датумот дека истиот се однесува за кривични дела предвидени со одредбите од овој Предлог-закон сторени до 20.9.2017 година.

3. Се задолжува Министерството за правда новиот преработен текст на Предлог-законот за амнестија да го објави на увид и консултации на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР).

4. Се задолжува Министерството за правда кон новиот преработен текст на Предлог-законот за амнестија кој ќе биде објавен на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) и ставен на јавна расправа и отворена дебата да го приложи и образложението на Министерството за секој член одделно, а особено за кривичните дела за кои не се однесува амнестијата.

5. Владата ја истакна потребата од организирање на јавна расправа и отворена дебата на оваа тема и го задолжи Министерството за правда истите да ги организира по текстот на одредбите од Предлог-законот.

6. Се задолжува Министерството за правда до Владата да достави на разгледување нов пречистен и усогласен текст на Предлог-законот за амнестија, откако ќе измине периодот на консултации и откако ќе завршат јавните расправи и отворени дебати.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за постапките за изработка на Урбанистичко - планска документација за градби од посебен интерес со основна класа на намена Е2-(комунална супраструктура) за Граничен премин „Белановце - Станчиќ“, КО Злокуќане, општина Липково, врз основа на член 50 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“, бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015 и 31/2016), кој е укинат со Одлука на Уставен суд на Република Македонија со број У 136/2016 од 5.7.2017 година („Службен весник на Република Македонија“, бр. 90/2017) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ја одобри Урбанистичко - планската документација за градби од посебен интерес со основна класа на намена Е2-(комунална супраструктура) за Граничен премин „Белановце - Станчиќ“, КО Злокуќане, општина Липково изработена врз основа на Одлука за утврдување на градби од посебен интерес заради изработка на Урбанистичко - планска документација („Службен весник на Република Македонија“, бр.47/2017), бр. 44-1516/1, од 28 март 2017 година.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да одобри Архитектонско - урбанистички проект за комплекс на градби за потребите на Граничен премин

„Белановце - Станчиќ“, КО Злокуќане, општина Липково изработен врз основа на одобрена Урбанистичко - планска документација за градби од посебен интерес со основна класа на намена Е2 - (комунална супраструктура) за Граничен премин „Белановце - Станчиќ“, КО Злокуќане, општина Липково, а согласно Програмата за изменување и дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко - проектни документации за 2017 година („Службен весник на Република Македонија“, бр. 114/2017).

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да издаде одобрение за градба за комплекс на градби за потребите на Граничен премин „Белановце - Станчиќ“, КО Злокуќане, општина Липково врз основа на одобрен Архитектонско - урбанистички проект за комплекс на градби за потребите на Граничен премин „Белановце - Станчиќ“, КО Злокуќане, општина Липково.

**Точка 63**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за настанат климатски неповолен настан - пороен дожд, електрични празнења, силен ветер и град и причинети штети на земјоделски култури на 11 септември 2017 година во регионот на Демир Хисар, Ресен, Македонски брод, Тетово, Прилеп, Долнени, Кривогаштани, Велес, Свети Николе, Куманово, Кавадарци, Росоман, Кисела Вода и Гази Баба и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, да формира комисии кои по поднесените барања за утврдување на настаната загуба односно штета, од страна на носителите на земјоделски стопанства или организации на производители, односно од неевидентираните земјоделски стопанства, веднаш да извршат увид на лице место за настанатата загуба односно штета, од климатскиот неповолен настан и да состават записници за извршениот увид.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство веднаш да ги информира носителите на земјоделските стопанства или организации на производители, односно од неевидентираните земјоделски стопанства, во периодот од 20.9.2017 до 5.10.2017 година да ги поднесат барањата за утврдување на настанатата загуба односно штета до подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 16:15 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА
ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

**м-р Радмила Шекеринска - Јанковска**